

ДАР МАР е творец со елитен дух и оригиналност — квалификативи што а priori го чинат супериорен во оваа но и во пошироката средина. Кога сме соочени со таков квалитетен квантитет и таков квантитетен квалитет на творечката инвенција, каков што е во неговиот случај, веднаш ни се наметнува констатацијата за непредвидливите и неизмерливите димензии на човечките можности и способности.

ДАР МАР како и сите карикатуристи, односно новинари кои реагираат на најсериозните прашања на денешнината со смешни цртани идеи, „не се родил за да живее убаво''. Жртвувајќи ја својата примарна вокација — архитектурата — во полза на карикатурата, а со тоа свесно предизвикувајќи го ризикот, компликациите, проблемите — понеубавата страна на животот — тој се определува за играта како најадекватен начин за лансирање на осилата на духот во ранливиот организам на денешниот човек.

Зошто токму преку играта се обидуваме да проникнеме во чудниот ликовен свет на овој уменик? Од Аристотел преку Кант до Кајоа, цела плејада на антрополози, социолози, естетичари... ја проучува историјата на човештвото, на културата, преку овој вид на човечка активност. ДАР МАР во вистинска смисла на зборот го оправдува овој толку познат homo ludens на кој посочува и данскиот теоретичар Хојзинга, тој човек на сите времиња кој сака да си игра. Идентификувајќи ја последнава со слободата на духот, фантазијата, начинот на однесување..., уметникот бескомпромисно ја злоупотребува кога се во прашање контактот на белата хартија со моливите во боја, формата со композицијата, ножиците со лентата, фолијата со бојата, музиката со звукот, знакот со предметот, но и кога станува збор за истражувањето, откривањето и извлекувањето на конкретни теми од кошот на секојдневието: ја користи како моторна сила во создавањето.

Остриците на неговата цртана критика се забиваат цврсто во месото на лицемерието, егоизмот, дехуманизацијата, мегаломанијата, одново преку играта како отскочна даска, игра што значи вербално, ликовно или филмско креативно празнење. Манипулирајќи со сопствените искри на духот, без стеги и конвулсии, ДАР МАР ја поставува дијагнозата на една цивилизација, тргнувајќи од игрите што се играат во неа. Ако сите чинови на неговата творечка операција не ги сместиме во контекстот на посочената човечка активност, не ќе најдеме адекватно објаснување за онаа доза на искреност и спонтаност на инвенцијата, не ќе најдеме одговор за детската чистота на пораката и релаксацијата на духот, кои се без сомнение иманентни на неговиот опус.

Скромен придонес кон сфаќањето на културата како живот—игра или на животот како култура—игра му припаѓа и на ДАР МАР. И не само тоа: ако се согласиме со Шилеровата мисла дека „човекот си игра само кога е човек во полна смисла на зборот, а целосно е човек само кога си игра'', логично ќе заклучиме дека ова творештво нé збогатува со најзначајната димензија — хуманата.

Соња Абаџиева ДИМИТРОВА



*Без зборови*



Вангел Наумовски



Дарко Марковиќ е роден пред самото почнување на Втората светска војна, меѓутоа тој со неа нема ништо.

Неговата „Војна" започнува дваесет години подоцна кога кон крајот на октомври 1960 година во „Нова Македонија" ја објавува првата карикатура. Од тогаш наваму тој војува со тушот и перцето, моливите во боја и филмската лента, војува со времето борејќи се да се ослободи од идеите што го мачат.

1966 година со група соборци го покренува по трет пат хумористичното списание „Остен", 1969 год. Светската галерија на карикатури во Скопје, а 1973 Студиото за цртан филм.

Покрај карикатурите и цртаниот филм одвреме навреме се бори и со илустрации, изработка на плакати, ТВ режија, сценографија и кујнски работи, но последниве ретко и неквалитетно.

Живее и работи во Скопје како слободен филмски работник и карикатурист со жена, син и ќерка, ако е тоа некаква слобода.

## ИЗЛОЖБИ

### САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ

1970 — изложба на ликовни карикатури /Драмски театар, Скопје/

1973 — изложба на експериментална и поп карикатура /Музеј на современата уметност. Скопје/

1978 — изложба на карикатури /Галерија студентског центра Загреб/

1978 — Пула, Целје, Марибор и Нови Сад, тематска изложба „Филмот и филмските работници во карикатура"

во секција „Југословенска карикатура"

1969 — Париз
1970 — Хелсинки
1975 — Хановер
1977 — Рим
1978 — Загреб
Групно излагал на фестивалите на карикатура во: Бордигера, Монтреал, Нок Хеист, Атина, Истанбул и Анкара, Скопје итн.

## АНИМИРАНИ ФИЛМОВИ

1972 — „СПОМЕНИК" /Загреб—филм/
1973 — „ШОУ МАШИНА" /Телевизија Скопје/
1974 — „СТОП—НАПРЕД" /Телевизија Скопје/
1975 — „ТРИ МИНУТИ ВО СВЕТОТ НА МИРОСЛАВ БАРТОК" /Вардар—филм/
1975 — „СТОП" /Вардар—филм/
1976 — „ГРАНИЦА" /Вардар—филм/
1977 — „КАША" /Телевизија Скопје/
— „СТРЕЛБИ" /Вардар—филм/
— „БЕЛО ТОПЧЕ" /Вардар—филм/
— „ПЕТ ФИЛМОВИ ОД РАКА" /Вардар—филм/
1978 — „БУКВАР ЗА ПИСМЕНИ" /Вардар—филм/
1979 — „ЦИРКУС" /Вардар—филм/
— „ПОСЛЕДНИОТ ПРОЗОРЕЦ" /Вардар—филм/
1980 — „РАКА" /Вардар—филм/

## НАГРАДИ

### ЗА КАРИКАТУРА

1968 — Прва награда за карикатура на Југословенскиот фестивал на хумор во Будва

1969 — „Златна чивија" — Прва награда во Шабац
— Втора награда во Будва
— Втора награда на Светската галерија на карикатура во Скопје

1970 — Награда на редакцијата „Јеж" /Шабац/
— Награда „Мартини" Бордигера /Италија/
— „Сребрена чивија" — Шабац

1971 — Награда на весникот „Дневник" на меѓународното биенале „Лов и риболов" — Нови Сад

1972 — Награда на Собранието на градот Бордигера /Италија/

1973 — Награда „Мартини" Бордигера /Италија/

1975 — III. Награда „ПјЕР" во Белград

1976 — II. Награда на Светската галерија на карикатури во Скопје
— Награда на здружението на новинарите на Турција на фестивалот „Настрадин Оџа" во Истанбул /Турција/

1979 II. Награда на Светската галерија на карикатури во Скопје

### ЗА ЦРТАНИ ФИЛМОВИ

1974 — Награда за нов ТВ израз на Југословенскиот ТВ фестивал во Порторож за филмот „ШОУ МАШИНА"

1976 — Златна плакета „Београд" на фестивалот на кусометражен филм во Белград за филмовите „СТОП" и „ГРАНИЦА"
— Гран—при „Кекец" за анимираниот филм „ГРАНИЦА"
— Награда на публиката за цртаниот филм „ГРАНИЦА"
— Награда на публиката за цртаниот филм „СТОП" во Тузла
— Диплома на званичното жири за филмот „СТОП" во Оберхаузен /Германија/

1977 — „Сребрена роза на Монтре" за цртаниот музички филм „КАША" /Швајцарија/

1977 — ОКТОМВРИСКА НАГРАДА НА МАКЕДОНИЈА
за филмот „КАША" и успешна работа на полето на карикатурата и анимираниот филм

1979 — Награда „СРЕБРЕН ЗМЕЈ" на фестивалот во Краков за филмот „ЦИРКУС"
— Награда на град Оберхаузен /СР Германија/ за филмот, „ПОСЛЕДНИОТ ПРОЗОРЕЦ"

1980 — Награда Голем златен медал „Београд" за цртаниот филм „РАКА"
— Награда на жирито на Католичката црква на Германија за филмот „РАКА" /Оберхаузен/

# ДАРКО МАРКОВИЌ

## ЧОВЕК НА НАДАХНЕТИОТ НЕ–РЕД И НЕСТИВНАТИОТ НЕ–МИР

/1/

...Се врти мазното бело топче, маршува во стројната колона на себе сличните, потоа почнува играта: допирот со другите топчиња со поинакви бои прераснува во расправа, во судир—грми музиката на морничавиот кермес. Од смеата и вицот, се најдовме наеднаш во прегрaбот на зловестиот кошмар, на можните и страотни судири и војни...

Очигледно, краткиот анимиран филм не е веќе лесна забава во паузата помеѓу две ТВ емисии, ниту вовед во главното, што се гледа полузаинтесирано, со едно око во полузатемнетата киносала, додека се купуваат семки и минуваат продавачи на „ки–ки" бонбони. Тој станува сѐ повеќе сериозна несериозност, критичка свест и чин на ангажираност кој, забавувајќи, опоменува, предупредува, дури—мобилизира.

/2/

Од месец март 1973 год. до денес Дарко Марковиќ со своите соработници и поддршката на „Вардар—филм" направи десетина цртани и анимирани филмови за кои доби неколку пати по толку — признанија и награди, меѓу кои и „Сребрената роза на Монтре" — највисоко признание на Југословенската телевизија добиено досега. Денес тој е една од водечките личности на она што се означува како „Скопска школа на цртаниот и анимиран филм".

/3/

Не, чуда не постојат.
Не постојат никакви алхемиски тајни.
Не постои ни феноменот „Дарко Марковиќ".
Постои само плодотворна коинциденција.

/а/ Нескротливата енергија: потребни се илјадници одделни цртежи да се направи десетминутен цртан или анимиран филм. Дарко работи со својата верна и способна екипа. Сите работат: ведри, расположени, озарени, со уживање.

/б/ Стабилноста, цврстината, чувството за мерка. Карактерни особини на личноста што раководи со сложениот, макотрпен и минуциозен процес. Во една изјава: „„Не чини кога сопствените критериуми се повисоки од можностите. Тогаш филмовите остануваат недовршени. А кога тие критериуми се пониски од можностите, тогаш делата се извршуваат брзо, но лошо".

*/в/ Отвореноста, директноста, непомирливоста кон деформитетите на животот и светот. Јасниот, читливиот, директниот јазик низ кој се тие искажани, без да бидат упростени и моралистички агресивни. Во неговите филмови секој го разбира главното, она другото остава широк простор за личната инвенција на гледачот, за нагаѓањата, за можните толкувања, за и г р а т а.*

*/г/ Уникалноста и свежината на автентичноста. Дарко Марковиќ оди по свои патишта, не потценувајќи го опитот на големите претходници, но и одбивајќи да биде било чиј директен следбеник. Неговите филмови не можат да се поместат во типолошки шеми, дури да бидат и поцврсто и жанровски определени. Филмовите му се духовити, но и—продуховени. Не тераат да се смееме, но и на размисла за животот и времето во кое живееме.*

*/4/*

*Реков: не постојат никакви чуда.*

*Сé уште имаме време да навратиме во сутеренот на сивата зграда на ул. „243" бр. 16 во центарот на градот и да се увериме дека не постои никаков „феномен", туку само—човек со разнобојни моливи во двете раце кој со бескрајна стрпливост ги проверува своите мисли и ги обликува своите идеи до длабоко во ноќта. Додека градот спие, тој ги остри своите разнобојни моливи, измислува нови начини како да ги засмее и потстакне на размисла неговите жители, своите сограѓани, луѓето на светот.*

Милан ЃУРЧИНОВ

*МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ – СКОПЈЕ*
*MUSEUM OF CONTEMPORARY ART – SKOPJE*

**27. X – 20. XI 1980**

*издава: МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ – СКОПЈЕ*
*печат: ООЗТ ПЕЧАТНИЦА „13 НОЕМВРИ" ПРИ НИК „НАША КНИГА"–СКОПЈЕ*

